Бр: 10-43
Скопје: 03.04.2019

Врз основа на член 10 и член 15 став (3) од Законот за контрола на државната помош ("Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата постапувајќи по Известувањето за планирано доделување на помош и Известувањето за дополнителни информации за формата за известување за регионална помош бр. 10-43 од 21.03.2019 година поднесено од страна на Владата на Република Северна Македонија како давател на државна помош, застапувана од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони преку директорот Александар Младеновски за доделување на планирана регионална помош на друштвото за производство, трговија и услуги ЗЕНИТХ ИНТЕРНАТИОНАЛ ПРОДУЦТ ДООЕЛ Скопје, на седницата одржана на 03.04.2019 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитување на Известувањето за планирано доделување на помош и Известувањето за дополнителни информации за формата за известување за регионална помош бр. 10-43 од 21.03.2019 година поднесено од страна на Владата на Република Северна Македонија, како давател на државна помош, застапувана од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони преку директорот Александар Младеновски за доделување на планирана регионална помош на друштвото за производство, трговија и услуги ЗЕНИТХ ИНТЕРНАТИОНАЛ ПРОДУЦТ ДООЕЛ Скопје со седиште на адреса ул. „Мирослав Крлежа“ бр.20 Скопје, како корисник на државната помош, утврди дека мерките:

1. **Ослободување од плаќање на данок на добивка за период до 10 години;**
2. **Ослободување од плаќање на персонален данок на доход по основ на исплатени плати на вработените за период до 10 години;**
3. **Ослободување од плаќање на данок на додадена вредност на увозот на добра во ТИРЗ, под услов добрата да не се пуштени во слободен промет, односно да не се наменети за крајна потрошувачка;**
4. **Царински ослободувања и олеснувања;**
5. **Ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште и**
6. **Изземање од обврската за поднесување на гаранција како инструмент за обезбедување на царинскиот долг кој настанал или може да настане по утврдувањето на царински дозволените активности или употреба на добрата за време на вршењето на дејност во зоната**

**претставуваат доделување на државна помош преку шема на помош предвидена во Законот за технолошко - индустриски развојни зони** за чие доделување не е потребно дополнително одобрување од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со оглед на фактот дека со Одлука бр. 10-413/2 од 04.11.2008 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата го одобрила Законот за технолошки – индустриски развојни зони како шема на помош за доделување на државна помош на корисниците на технолошко – индустриските развојни зони основани од Владата на Република Северна Македонија.

Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитување на Известувањето за планирано доделување на помош и Известувањето за дополнителните информации за формата за известување за регионална помош бр. 10-43 од 21.03.2019 година, поднесено во име на Владата на Република Северна Македонија, застапувана од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони преку директорот Александар Младеновски за доделување на планирана регионална помош на друштвото за производство, трговија и услуги ЗЕНИТХ ИНТЕРНАТИОНАЛ ПРОДУЦТ ДООЕЛ Скопје со седиште на адреса ул. „Мирослав Крлежа“ бр.20 Скопје, како корисник на државната помош, утврди дека мерката:

- **Помош во висина до 10% од потрошениот износ на оправдани инвестициски трошоци за набавка на нови машини и/или за изградба на зграда во зоната направени до датумот на завршувањето до 31.12.2022, но не повеќе од 1.000.000 евра (еден милион евра) во денарска противвредност**

претставува **државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош. Ваквата мерка наменета за реализација на инвестицискиот проект за производство на електрични апарати за домаќинство претставува **регионална помош како индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 11 од Законот за контрола на државната помош при што доделувањето на истата е дозволено.** Кумулативната регионална државна помош ќе биде ограничена на износ не повисок од 50% од износот на реално инвестираните оправдани инвестициски трошоци реализирани до Датумот на завршување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 10 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата (во натамошниот текст: КЗК) е надлежна за оцена и надзор на секој облик на поддршка, односно дали истата претставува или не претставува државна помош во смисла на Законот за контрола на државната помош.

Секој давател на државната помош (дефиниран во член 6 став (1) од Законот за контрола на државната помош) е должен, според член 13 став (1) од Законот за контрола на државната помош, до КЗК да достави известување за секој план за доделување на нова или промена на постојната државна помош, без оглед дали истата се доделува како индивидуална помош или како шема на помош.

Постапувајќи во согласност со обврската за известување, во име на Владата на Република Северна Македонија, како давател на државната помош, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, застапувана и претставувана од страна на директорот Александар Младеновски до КЗК достави Известување за планирано доделување на помош како и Известување за дополнителни информации за формата за известување за регионална

помош на корисник во ТИРЗ Скопје на  друштвото за производство, трговија и услуги ЗЕНИТХ ИНТЕРНАТИОНАЛ ПРОДУЦТ ДООЕЛ Скопје бр. 13-569/1 од 21.03.2019 година (во натамошниот текст известувања), со прилог копија од Одлуката на Управниот Одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр. 02-1680/8 од 21.12.2018 година во врска со согласноста на Предлог-Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги ЗЕНИТХ ИНТЕРНАТИОНАЛ ПРОДУЦТ ДООЕЛ Скопје.

Со оглед на фактот дека поднесените известувања ги содржат потребните податоци за оценка на помошта согласно член 14 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10) како ден на прием на уредно известување се смета 21.03.2019 година.

КЗК во законски предвидениот рок ги испита доставените известувања и прилог копијата од Одлуката на Управниот Одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр. 02-1680/8 од 21.12.2018 година во врска со согласноста на Предлог-Договорот за доделување на државна помош на друштвото за производство, трговија и услуги ЗЕНИТХ ИНТЕРНАТИОНАЛ ПРОДУЦТ ДООЕЛ Скопје, како и Предлог-Договорот за доделување на државна помош на друштвото за производство, трговија и услуги ЗЕНИТХ ИНТЕРНАТИОНАЛ ПРОДУЦТ ДООЕЛ Скопје (непотпишан од договорените страни) и ја утврди следната фактичка состојба:

- **Давател на државна помош е: Владата на Република Северна Македонија, претставувана и застапувана од страна на** Дирекцијата за Технолошки индустриски развојни зони, односно од страна на директорот Александар Младеновски;

- **Корисник на државната помош е: Друштвото за производство, трговија и услуги ЗЕНИТХ ИНТЕРНАТИОНАЛ ПРОДУЦТ ДООЕЛ Скопје** со седиште на ул. „Мирослав Крлежа“ бр.20 Скопје,;

- **Правен основ за доделување на државната помош** претставува правниот акт врз основа на која се доделува помошта - Одлуката на Управниот Одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр. 02-1680/8 од 21.12.2018  година во врска со согласноста на Предлог-Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги ЗЕНИТХ ИНТЕРНАТИОНАЛ ПРОДУЦТ ДООЕЛ Скопје како и Договорот за доделување на државна помош кој во име на Владата на Република Северна Македонија како давател на државната помош, директорот на Дирекцијата за технолошки развојни зони, Александар Младеновски, ќе го склучи со Друштвото за производство, трговија и услуги ЗЕНИТХ ИНТЕРНАТИОНАЛ ПРОДУЦТ ДООЕЛ Скопје.

За да се утврди дали една мерка преземена од страна на давателот на државната помош претставува државна помош, се оценува дали се исполнети на кумулативен начин четирите следни критериуми:

- Таквата мерка да опфаќа трансфер на државни средства;
- Да биде селективна;
- Да претставува економска поволност за примателот и
- Да има влијание врз конкуренцијата и трговијата

Оттука, при испитување на мерката содржана во доставеното известување, КЗК ја анализираше од аспект на тоа дали истата ги исполнува горенаведените четири кумулативни критериуми. При ваквата анализа КЗК утврди дека:

Мерката: **Помош во висина до 10% од потрошениот износ на оправдани инвестициски трошоци за набавка на нови машини и/или за изградба на зграда во зоната направени до датумот на завршувањето до 31.12.2022, но не повеќе од 1.000.000 евра (еден милион евра) во денарска противвредност претставува државна помош,** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради фактот што истата ги исполнува следните кумулативни услови:

- Таквата мерка опфаќа трансфер на државни средства заради фактот што средствата се доделуваат од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија (преку буџетот на Дирекцијата за ТИРЗ) на Друштвото за производство, трговија и услуги ЗЕНИТХ ИНТЕРНАТИОНАЛ ПРОДУЦТ ДООЕЛ Скопје;

- Селективноста на мерката се гледа во фактот што помошта е наменета само за едно конкретно претпријатие - Друштвото за производство, трговија и услуги ЗЕНИТХ ИНТЕРНАТИОНАЛ ПРОДУЦТ ДООЕЛ Скопје, поради што доаѓа до нарушување на балансот помеѓу претпријатијата и нивните конкуренти. Имено, селективноста на мерката се гледа и во фактот дека со доделувањето на државната помош на едно претпријатие, во конкретниот случај - Друштвото за производство, трговија и услуги ЗЕНИТХ ИНТЕРНАТИОНАЛ ПРОДУЦТ ДООЕЛ Скопје, се ставаат во понезавидна положба преостанатите претпријатија кои постојат и делуваат на истиот пазар за производство на други електрични апарати за домаќинство. Доделувањето на оваа помош на конкретното претпријатие - Друштвото за производство, трговија и услуги ЗЕНИТХ ИНТЕРНАТИОНАЛ ПРОДУЦТ ДООЕЛ Скопје, му овозможува доделување на државна помош поврзана со набавка на нови машини и/или за изградба на зграда во зоната, а за кои во нормални услови Друштвото за производство, трговија и услуги ЗЕНИТХ ИНТЕРНАТИОНАЛ ПРОДУЦТ ДООЕЛ Скопје би издвоил средства од сопствени ресурси за покривање на трошоците поврзани со набавка на нови машини и/или за изградба на зграда во зоната. На овој начин, со доделувањето на државна помош за оваа мерка, Друштвото за производство, трговија и услуги ЗЕНИТХ ИНТЕРНАТИОНАЛ ПРОДУЦТ ДООЕЛ Скопје се наоѓа во селективна положба, со оглед на фактот дека овие средства може да ги искористи на негов најисплатлив начин, а со цел постигнување на поголем профит;

- Мерката економска поволност за корисникот се гледа во фаворизирање на конкретно претпријатие - Друштвото за производство, трговија и услуги ЗЕНИТХ ИНТЕРНАТИОНАЛ ПРОДУЦТ ДООЕЛ Скопје и неговото производство на електрични апарати за домаќинство, која што поволност ова претпријатие нема да ја има во нормални пазарни и бизнис услови;

- Таквата помош има или може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата. Имено, од доделувањето на оваа мерка јасно се гледа дека корисникот е инволвиран во економска активност и дека ќе оперира на пазарот во кој делуваат и други конкуренти, со што се нарушува или може да се наруши конкуренцијата преку овозможување на економска

предност на конкретното претпријатие – Друштвото за производство, трговија и услуги ЗЕНИТХ ИНТЕРНАТИОНАЛ ПРОДУЦТ ДООЕЛ Скопје. КЗК, освен што утврди дека горенаведената мерка претставува државна помош, исто така утврди дека ваквата мерка наменета за реализација на инвестицискиот проект за производство на електрични апарати за домаќинство, претставува **регионална помош** согласно член 4 став (1) точка 11 од Законот за контрола на државната помош бидејќи истата е во согласност со целите на регионалната политика на Република Северна Македонија **за поддржување на продуктивни почетни инвестиции или отворање на работни места поврзани со инвестициите**.

КЗК исто така утврди дека горенаведената мерка **претставува индивидуална помош** во смисла на член 4 став (1) точка 2 од Законот за контрола на државната помош, бидејќи не е државна помош која се доделува врз основа на шема на помош, а е со обврска за дополнително одобрување од страна на КЗК.

КЗК при оценка на дозволеноста на доделувањето на помошта утврдува дали доделувањето на помошта се врши согласно Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија" бр. 109/13).

Во Договорот за државна помош е наведено дека Друштвото за производство, трговија и услуги ЗЕНИТХ ИНТЕРНАТИОНАЛ ПРОДУЦТ ДООЕЛ Скопје ќе инвестира оправдани инвестициски трошоци во износ од најмалку 2.500.000 (два милиони и петстотини илјади евра) во денарска противвредност за инвестицискиот проект до датумот на завршување.

Исто така, согласно Предлог - Договорот за државна помош е наведено дека давателот на помошта ќе обезбеди државна помош од 10% (десет проценти) од инвестираниот износ на корисникот на помошта како оправдани инвестициски трошоци за набавка на нови машини и/или за изградба за зграда во Зоната направени до Датумот на завршување, но не повеќе од 1.000.000 (еден милион) евра во денарска противвредност која ќе се исплаќа во годишни транши:

а) Првата транша во максимален износ од 95.000 евра (деведесет и пет илади евра) во денарска противвредност ќе биде исплатена не подоцна од 30.06.2020 година само под услов ако корисникот на државна помош достави докази до давателот на државната помош до 30.04.2020 година дека до крајот на 2019 година има инвестирано износ од најмалку 950.000 евра (деветстотини и педесет илјади евра) во денарска противвредност како оправдани инвестициски трошоци за нови машини и/или изградба на зграда во Зоната.

б) Втората транша во максимален износ од 103.000 евра (сто и три илјади евра) во денарска противвредност ќе биде исплатена не подоцна од 30.06.2021 година само под услов ако корисникот на државна помош достави докази до давателот на државната помош до 30.04.2021 година дека до крајот на 2020 година има инвестирано дополнителен износ од најмалку 1.030.000 (еден милион и триесет илјади евра) во денарска противвредност како оправдани инвестициски трошоци за нови машини и/или изградба на зграда во Зоната.

в) Третата транша во максимален износ од 32.000 (триесет и две илјади евра) во денарска противвредност ќе биде исплатена не подоцна од 30.06.2022 година само под услов ако корисникот на државна помош достави докази до давателот на државната помош до 30.04.2022 година дека до крајот на 2021 година има инвестирано дополнителен износ од најмалку 320.000 (триста и дваесет илјади евра) во денарска противвредност како оправдани инвестициски трошоци за нови машини и/или изградба на зграда во Зоната.

г) Четвртата транша во максимален износ од 20.000 (дваесет илјади евра) во денарска противвредност ќе биде исплатена не подоцна од 30.06.2023 година само под услов ако корисникот на државна помош достави докази до давателот на државната помош до 30.04.2023 година дека до крајот на 2022 година има инвестирано дополнителен износ од најмалку 200.000 (двесте илјади евра) во денарска противвредност како оправдани инвестициски трошоци за нови машини и/или изградба на зграда во Зоната.

Во Договорот е наведено дека доколку корисникот на помошта има инвестирано износ под пропишаните износи од точките а) , б), в) и г) државната помош ќе биде пропорционално намалена за секоја транша, но ќе изнесува не повеќе од 10% од инвестираните износи во претходната година. Доколку корисникот на државната помош инвестира износи над пропишаните износи во точките а) , б), в) и г), државната помош за таквата дополнителна инвестиција ќе ја пресмета и исплати давателот на државната помош како петта транша на корисникот на државната помош до 31.01.2024 година.

Износот на инвестицијата ќе се пресметува врз основа на официјални писмени документи, со кои се докажуваат трошоците направени од корисникот на државната помош. За оваа цел корисникот на државната помош ќе поднесува до давателот на државната помош најдоцна до 31 јануари секоја година годишен извештаи и документи за оправданите инвестициски трошоци.

Инвестицискиот проект ќе биде реализиран во две фази на територијата на Скопје, Република Северна Македонија. **Првата фаза** ќе вклучува браунфилд инвестиција во постоечки објекти за обука на вработените, тест производство, како и квалификација и потврда на сериско производство на електрични апарати за домаќинство. **Втората фаза** ќе вклучува гринфилд инвестиција во Зоната.

Доколку корисникот на државната помош, заради сопствена вина не успее да ја започне дејноста на локација во Зоната во период од 30 месеци од датумот на склучувањето на Договорот за закуп, корисникот на државната помош ќе го врати на давателот на државната помош износот на државната помош, заедно со каматата пресметана согласно со законите на Република Северна Македонија. Доколку ова се случи, корисникот на државната помош ќе продолжи со работа во браунфилд локацијата без понатаму да прима државна помош предвидена со Договорот и Договорот за закуп Договорот за државна помош ќе се раскинат.

Корисникот на помошта согласно Договорот се обврзува да ја задржи инвестицијата, што значи да ги задржи средствата (постројки, зграда, опрема) во Зоната во производствена, оперативна и употребна состојба за период од најмалку 5 (пет) години сметано од датумот на завршување на инвестицискиот проект. Доколку корисникот не ја одржи инвестицијата согласно овој став, ќе го врати вкупниот износот на примената државна помош според овој Договор со вклучена каматна стапка во согласност со законите и прописите на Република Северна Македонија.

Друштвото за производство, трговија и услуги ЗЕНИТХ ИНТЕРНАТИОНАЛ ПРОДУЦТС ДООЕЛ Скопје согласно Договорот ќе создаде најмалку 60 (шеесет) нови работни места до Датумот на завршување. Доколку корисникот на државната помош не успее да ги реализира вработувањата во дополнително дадениот период од 6 (шест) месеци, корисникот на државната помош ќе биде должен да плати на давателот на државната помош казна од 2.500 (две илјади

и петстотини евра), во денарска противвредност за секое непополнето работно место.

Друштвото за производство, трговија и услуги ЗЕНИТХ ИНТЕРНАТИОНАЛ ПРОДУЦТС ДООЕЛ Скопје се обврзува не подоцна од 31 јануари во секоја календарска година до давателот на помошта да поднесува годишен извештај со преглед за секој месец посебно за сите вработени за период од 1 јануари до 31 декември од претходната година.

Согласно Договорот, кумулативната регионална државна помош ќе биде ограничена на износ не повисок од 50% од износот на реално инвестираните оправдани инвестициски трошоци реализирани до Датумот на завршување.

Мерките **Ослободување од плаќање на данок на добивка за период до 10 години; Ослободување од плаќање на персонален данок на доход по основ на исплатени плати на вработените за период до 10 години; Ослободување од плаќање на данок на додадена вредност на увозот на добра во ТИРЗ, под услов добрата да не се пуштени во слободен промет, односно да не се наменети за крајна потрошувачка; Царински ослободувања и олеснувања; Ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште и Изземање од обврската за поднесување на гаранција како инструмент за обезбедување на царинскиот долг кој настанал или може да настане по утврдувањето на царински дозволените активности или употреба на добрата за време на вршењето на дејност во зоната** претставуваат регионална помош која се доделува преку шема на помош предвидена во Законот за технолошко индустриски развојни зони за чие доделување не е потребно дополнително одобрување од страна на КЗК, со оглед на фактот дека со Одлуката донесена од страна на КЗК бр. 10-413/2 од 04.11.2008 година, КЗК веќе го одобрила Законот за технолошко индустриски развојни зони како шема на помош за доделување на државна помош на корисниците на технолошко-индустриските развојни зони основани од страна на Владата на Република Северна Македонија.

Заради горенаведеното, КЗК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, согласно член 26 од Законот за контрола на државната помош. Тужбата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Д-р Владимир Наумовски**